Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 348, 12 јули 2024 година

јули 2024 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ ОБЛИКУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПРОСТОР“ ОД ПРОФ. Д-Р ВАСКА САНДЕВА И АС. Д-Р ЕКАТЕРИНА НАМИЧЕВА-ТОДОРОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ **3**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ ЗА „ПРАКТИКУМ ПО ОБЛИКУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПРОСТОР“ ОД ПРОФ. Д-Р ВАСКА САНДЕВА И АС. Д-Р ЕКАТЕРИНА НАМИЧЕВА-ТОДОРОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ **8**

**ПРЕГЛЕД**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА** ........ **13**

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски

Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ ОБЛИКУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПРОСТОР“ ОД ПРОФ. Д-Р ВАСКА САНДЕВА И АС. Д-Р ЕКАТЕРИНА НАМИЧЕВА-ТОДОРОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1702-101/7 од редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки, одржана на 15.4.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Мимоза Клековска, редовен професор на Американски универзитет на Европа АУЕ-ФОН, Скопје;
- проф. д-р Марула Николоска, редовен професор во пензија, Меѓународен универзитет „Визион“

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ОБЛИКУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПРОСТОР**” од авторките проф. д-р Васка Сандева и ас. д-р Екатерина Намичева-Тодоровска, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Обликување на јавен простор” е осмислен, организиран и реализиран според Наставниот план и програма за предметот Обликување на јавен простор на прв циклус студии на студиската програма Дизајн на ентериер и мебел по предметот Обликување на јавен простор на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот „Обликување на јавен простор“ содржи 90 страници, ги задоволува форматот и дадената содржина, ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Не постои ист или сличен учебник со ваква содржина, која го покрива наставниот материјал од овие наставни предмети за коишто е наменет.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на лесен и разбирлив јазик. Целокупната материја генерално е распределена во логични и соодветно структурирани и конципирани во тринаесет главни поглавја, распоредени на 90 страници.

Во *првото поглавје* насловено *Сликата на животната* средина авторките даваа краток осврт на движечкиот елемент во сликата за животната средина, а тоа се градовите, како и одредени карактеристики на жителите и нивните активности важни за физичките делови. Се потенцира важноста на менталното мапирање и менталната слика кај поединците во урбаниот простор.

Во *второто поглавје* насловено *Сликата на градот* авторките образложуваат дека таа служи како повеќеслоен симбол што ги опфаќа физичките, социјалните и психолошките димензии на урбаниот живот. Оваа слика не е само статична претстава на архитектонските обележја и уличните распореди, туку динамичен конструкт обликуван од искуствата, спомените и перцепциите на неговите жители и посетители.

Во *третото поглавје* насловено *Елементи на градот* според Кевин Линч авторките ја користат книгата „Сликата на градот" на Кевин Линч, кој ги дефинира петте основни елементи кои придонесуваат за читливоста и разбирливоста на урбаната средина: патеки, рабови, области, јазли и обележја.

Во *четвртото поглавје* насловено *Анализа на карактеристики на елемент 1 - патеки* авторките ги потенцираат патеките како еден од основните елементи на урбаната структура. Тие вклучуваат улици, тротоари, патеки и булевари, кои ја формираат мрежата на движење во градот. Клучна карактеристика на патеките е нивната способност да ги поврзуваат различните делови на градот, овозможувајќи лесна навигација и ориентација. Преку примери од различни градови ја искажува важноста на патеките.

*Петтото поглавје* е насловено *Анализа на карактеристики на елемент 2 – рабови.* Според авторките тие се линеарни структури кои создаваат граници и раздвојуваат различни делови од градот. Тие можат да бидат природни, како реки и брегови, или вештачки, како ѕидови, патишта и железнички пруги. Клучна карактеристика на рабовите е нивната улога во дефинирањето на просторот, помагајќи им на луѓето да ги разликуваат и идентификуваат различните урбани области. Рабовите не само што обезбедуваат физичка разделба, туку и создаваат психолошка граница која влијае на перцепцијата и користењето на просторот. Добро дефинираните рабови придонесуваат за јасноста и читливоста на градската структура, правејќи ја урбаната средина поорганизирана и полесна за навигација.

Во *шестото поглавје* насловено *Анализа на карактеристики на елемент 3 и 4 - јазли и области* авторките прават разлика помеѓу јазлите и областите, како трети и четврти основни елементи кои играат клучна улога во структурата на градот. Јазлите се стратешки точки каде што се пресекуваат патеките и се концентрираат активности, како што се плоштади, крстосници и главни транспортни центри. Од друга страна, областите се релативно големи делови од градот со препознатливи карактеристики, кои луѓето ги идентификуваат како одделни региони. Добро дефинираните области им помагаат на луѓето да ги разберат и користат различните делови на градот поефикасно, создавајќи јасна ментална мапа на урбаната средина.

Во *седмото поглавје* насловено *Анализа на карактеристики на елемент 4 - знаменитости,* како четврти основен елемент според Кевин Линч, се визуелно истакнати објекти или структури кои служат како референтни точки во градот. Овие обележја, како што се споменици, кули, значајни згради или природни обележја, се лесно препознатливи и често имаат културно, историско или естетско значење. Клучна карактеристика на знаменитостите е нивната способност да го привлечат вниманието и да помогнат во ориентацијата, овозможувајќи им на луѓето лесно да се снајдат во урбаната средина. Авторките истакнуваат дека тие придонесуваат за уникатниот идентитет и визуелната привлечност на градот, создавајќи места од интерес кои го збогатуваат урбаното искуство и ја зајакнуваат врската меѓу луѓето и просторот.

*Осмото поглавје* насловено *Форма на јавен простор* се однесува на физичката конфигурација и дизајн на отворените простори достапни за јавна употреба, како што се плоштади, паркови, улици и пешачки патеки. Овие простори се клучни за социјалната интеракција, рекреација и јавниот живот на граѓаните. Авторките потенцираат дека добро дизајниран јавен простор е лесно достапен, функционален и пријатен, со елементи кои поттикнуваат користење, како зеленило, седишта, осветлување и јавна уметност.

Во *деветтото поглавје* насловено *Квалитети на формата во дизајнот* авторките даваат осврт на квалитетите на формата во дизајнот кои се однесуваат на особините или карактеристиките кои го прават дизајнот успешен и задоволителен. Ова може да вклучува аспекти како функционалност, естетика, удобност, иновација, уникатност и одговарање на потребите на корисниците. Авторките даваат патокази за урбан дизајн како единственост на формата, едноставност на фигурата според кои студентот ќе се води при дизајнирање на јавниот простор.

*Десеттото поглавје* насловено *Смислата на целината* се однесува на концептот дека различните делови на еден дизајн или систем работат заедно за да создадат кохерентна и функционална целина. Во урбаното планирање и архитектурата ова значи дека поединечните елементи како згради, патеки, јавни простори и природни области се дизајнирани и организирани на начин кој обезбедува хармонија и интеграција. Смислата на целината нагласува дека успешен дизајн не е само збир на одлично дизајнирани компоненти, туку резултат на нивната заемна поврзаност и синергија. Овој пристап создава простор кој е не само визуелно привлечен, туку и функционално ефикасен, лесен за навигација и пријатен за живеење. На овој начин, смислата на целината ја зајакнува општата искуствена вредност на просторот, правејќи го поудобен и покорисен за луѓето кои го користат.

Во *единаесеттото поглавје* насловено *Урбан дизајн* авторките посочуваат на значењето на просторното планирање кое помага во спречување на неконтролираниот раст и урбан хаос, обезбедувајќи инфраструктура и јавни услуги на ефективен начин. Тоа вклучува процена на еколошките, социјалните и економските аспекти за да се постигне одржлив развој, заштита на природните ресурси и културното наследство. Со добро планирање, градовите и населените места можат да станат поотпорни на климатските промени, да ја подобрат мобилноста и да обезбедат висок квалитет на живот за сите жители.

*Во дванаесеттото поглавје* насловено *Дизајн концептите за урбани интервенции* авторките даваат стратегии и идеи за подобрување и трансформирање на градските простори. Овие интервенции вклучуваат разни активности и проекти насочени кон ревитализација на запуштени области, подобрување на јавните простори, и поттикнување на социјалната интеракција и економската активност. Урбаните интервенции можат да бидат мали и привремени, како поп-ап паркови или уметнички инсталации, или поголеми и трајни, како редизајнирање на плоштади, улици или изградба на нова инфраструктура. Целта е да се создадат функционални, естетски и пријатни простори кои одговараат на потребите на заедницата, поттикнувајќи го одржливиот развој и подобрувајќи го квалитетот на урбаниот живот. Со иновативни дизајн концепти, урбаните интервенции помагаат во решавање на современите предизвици на градовите, како што се густината на населението, сообраќајниот метеж и недостатокот на зелени површини.

*Тринаесеттото поглавје* насловено *Архитектонско зеленило* се однесува на интеграцијата на растенија и природни елементи во архитектонскиот дизајн со цел да се подобри естетиката, екологијата и квалитетот на животот во урбаните средини. Овој концепт вклучува зелени покриви, вертикални градини, зелени ѕидови и други иновативни начини за воведување на природата во изградениот простор. Архитектонското зеленило помага во намалување на ефектот на урбаниот топлотен остров, подобрување на квалитетот на воздухот, зголемување на биодиверзитетот и обезбедување на изолација која може да ја намали потрошувачката на енергија. Освен функционалните придобивки, архитектонското зеленило создава пријатни и здрави животни и работни простори, поттикнувајќи го менталното и физичкото здравје на луѓето. Со овој пристап се промовира одржливата архитектура и се гради посилна врска меѓу луѓето и природата во урбаните средини.

Во поглавјата посветени на урбаниот дизајн, просторното планирање и природните компоненти, скриптата разгледува како интеграцијата на зелените површини и природните елементи може да придонесе за создавање на еколошки здрави и одржливи градови. Примери од различни урбани интервенции низ светот, вклучувајќи ги Милано, Њујорк, Копенхаген, Чангша и Лондон, обезбедуваат практични и инспиративни примери за примена на теоретските концепти во реалниот свет.

Конечно, скриптата завршува со поглавје посветено на архитектонското зеленило, кое истражува како интеграцијата на природните елементи во архитектурата може да го подобри квалитетот на животот во урбаните средини.

Во целина, оваа скрипта нуди драгоцен придонес кон разбирањето на урбаното планирање и дизајн, обезбедувајќи теоретска основа и практични примери за создавање на градови кои се функционални, естетски пријатни и одржливи. Со интегрирање на научените лекции и примери од оваа книга, урбанистите, архитектите и дизајнерите можат да придонесат за подобрување на квалитетот на животот во урбаните средини и за создавање на заедници кои се поотпорни и поврзани со природата.

На крајот од оваа скрипта е презентирана целокупната цитирана литература од светски автори.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата го предложува следниов

**З А К Л У Ч О К**

Ракописот за скрипта „Обликување на јавен простор" од авторките проф. д-р Васка Сандева и ас. д-р Екатерина Намичева-Тодоровска е целосно адаптиран според наставната материја предвидена во програмата за предметот Обликување на јавен простор, наменета за студентите на прв циклус студии на студиската програма Дизајн на ентериер и мебел по предметот Обликување на јавен простор на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало-скрипта и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основни остварувања на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Рецензентската комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички

науки ракописот за скрипта „Обликување на јавен простор” од авторките проф. д-р Васка Сандева и ас. д-р Екатерина Намичева-Тодоровска да биде издаден како скрипта по предметот Обликување на јавен простор за студентите на Факултет за природни и технички науки (Дизајн на ентериер на мебел) при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т И**
Д-р Мимоза Клековска, редовен професор на Американски универзитет на Европа АУЕ-ФОН, Скопје, с.р.
Д-р Марула Николоска, редовен професор во пензија, Меѓународен универзитет „Визион“, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ ЗА „ПРАКТИКУМ ПО ОБЛИКУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПРОСТОР“ ОД ПРОФ. Д-Р ВАСКА САНДЕВА И АС. Д-Р ЕКАТЕРИНА НАМИЧЕВА-ТОДОРОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1702-101/5 од редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки, одржана на 15.4.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Мимоза Клековска, редовен професор на Американски универзитет на Европа АУЕ-ФОН, Скопје;
- д-р Марула Николоска, редовен професор во пензија, Меѓународен Универзитет „Визион“ за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ПРАКТИКУМ ПО ОБЛИКУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПРОСТОР**” од авторките проф. д-р Васка Сандева и ас. д-р Екатерина Намичева-Тодоровска, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Практикум по обликување на јавен простор” е осмислен, организиран и реализиран според наставниот план и програма на предметот Обликување на јавен простор, кој се изучува на прв циклус студии на студиската програма Дизајн на ентериер и мебел по предметот Обликување на јавен простор на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот „Практикум по обликување на јавен простор“ содржи 38 страници, го задоволува форматот и дадената содржина, ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Не постои ист или сличен практикум со ваква содржина, која го покрива наставниот материјал од овие наставни предмети за коишто е наменет.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на лесен и разбирлив јазик. Целокупната материја генерално е распределена во логични и соодветно структурирани и конципирани во тринаесет главни поглавја, распоредени на 38 страници.

Во *првото поглавје* насловено *Сликата на животната средина* авторките даваат краток осврт на движечкиот елемент во сликата за животната средина, а тоа се градовите, како и одредени карактеристики на жителите и нивните активности важни за физичките делови. Се потенцира важноста на менталното мапирање и менталната слика кај поединците во урбаниот простор, тоа е и првата задача за изработка.

Во *второто поглавје* насловено *Сликата на градот* авторките образложуваат дека таа служи како повеќеслоен симбол што ги опфаќа физичките, социјалните и психолошките димензии на урбаниот живот. Оваа слика не е само статична претстава на архитектонските обележја и уличните распореди, туку динамичен конструкт обликуван од искуствата, спомените и перцепциите на неговите жители и посетители.

Во *третото поглавје* насловено *Елементи на градот* според Кевин Линч авторките ја користат книгата „Сликата на градот" на Кевин Линч, кој ги дефинира петте основни елементи кои придонесуваат за читливоста и разбирливоста на урбаната средина: патеки, рабови, области, јазли и обележја.

Во *четвртото поглавје* насловено *Анализа на карактеристики на елемент 1 - патеки* авторките ги потенцираат патеките како основни елементи на урбаната структура. Тие вклучуваат улици, тротоари, патеки и булевари, кои ја формираат мрежата на движење во градот. Клучна карактеристика на патеките е нивната способност да ги поврзуваат различните делови на градот, овозможувајќи лесна навигација и ориентација. Преку примери од различни градови ја искажува важноста на патеките.

*Петтото поглавје* е насловено *Анализа на карактеристики на елемент 2-рабови.* Според авторките, тие се линеарни структури кои создаваат граници и раздвојуваат различни делови од градот. Тие можат да бидат природни, како реки и брегови, или вештачки, како ѕидови, патишта и железнички пруги. Клучна карактеристика на рабовите е нивната улога во дефинирањето на просторот, помагајќи им на луѓето да ги разликуваат и идентификуваат различните урбани области. Рабовите не само што обезбедуваат физичка разделба, туку и создаваат психолошка граница која влијае на перцепцијата и користењето на просторот. Добро дефинираните рабови придонесуваат за јасноста и читливоста на градската структура, правејќи ја урбаната средина поорганизирана и полесна за навигација.

Во *шестото поглавје,* насловено *Анализа на карактеристики на елемент 3 и 4-јазли и области*, авторките прават разлика помеѓу јазлите и областите, како трети и четврти основни елементи кои играат клучна улога во структурата на градот. Јазлите се стратешки точки каде што се пресекуваат патеките и се концентрираат активности, како што се плоштади, крстосници и главни транспортни центри. Од друга страна, областите се релативно големи делови од градот со препознатливи карактеристики, кои луѓето ги идентификуваат како одделни региони. Добро дефинираните области им помагаат на луѓето да ги разберат и користат различните делови на градот поефикасно, создавајќи јасна ментална мапа на урбаната средина.

Во *седмото поглавје* насловено *Анализа на карактеристики на елемент 4- знаменитости,* како четврт основен елемент според Кевин Линч, се визуелно истакнати објекти или структури кои служат како референтни точки во градот. Овие обележја, како што се споменици, кули, значајни згради или природни обележја, се лесно препознатливи и често имаат културно, историско или естетско значење. Клучна карактеристика на знаменитостите е нивната способност да го привлечат вниманието и да помогнат во ориентацијата, овозможувајќи им на луѓето лесно да се снајдат во урбаната средина. Авторките истакнуваат дека тие придонесуваат за уникатниот идентитет и визуелната привлечност на градот, создавајќи места од интерес кои го збогатуваат урбаното искуство и ја зајакнуваат врската меѓу луѓето и просторот.

*Осмото поглавје* насловено *Форма на јавен простор* се однесува на физичката конфигурација и дизајн на отворените простори достапни за јавна употреба, како што се плоштади, паркови, улици и пешачки патеки. Овие простори се клучни за социјалната интеракција, рекреација и јавниот живот на граѓаните. Авторките потенцираат дека добро дизајниран јавен простор е лесно достапен, функционален и пријатен, со елементи кои поттикнуваат користење, како зеленило, седишта, осветлување и јавна уметност.

Во *деветтото поглавје* насловено *Квалитети на формата во дизајнот* авторките даваат осврт на квалитетите на формата во дизајнот кои се однесуваат на особините или карактеристиките кои го прават дизајнот успешен и задоволителен. Ова може да вклучува аспекти како функционалност, естетика, удобност, иновација, уникатност и одговарање на потребите на корисниците. Авторките даваат патокази за урбан дизајн како единственост на формата, едноставност на фигурата според кои студентот ќе се води при дизајнирање на јавниот простор.

*Десеттото поглавје* насловено *Смислата на целината* се однесува на концептот дека различните делови на еден дизајн или систем работат заедно за да создадат кохерентна и функционална целина. Во урбаното планирање и архитектурата ова значи дека поединечните елементи како згради, патеки, јавни простори и природни области се дизајнирани и организирани на начин кој обезбедува хармонија и интеграција. Смислата на целината нагласува дека успешен дизајн не е само збир на одлично дизајнирани компоненти, туку резултат на нивната заемна поврзаност и синергија. Овој пристап создава простор кој е не само визуелно привлечен, туку и функционално ефикасен, лесен за навигација и пријатен за живеење. На овој начин, смислата на целината ја зајакнува општата искуствена вредност на просторот, правејќи го поудобен и покорисен за луѓето кои го користат.

Во *единаесеттото поглавје* насловено *Урбан дизајн* авторките посочуваат на значењето на просторното планирање кое помага во спречување на неконтролираниот раст и урбан хаос, обезбедувајќи инфраструктура и јавни услуги на ефективен начин. Тоа вклучува процена на еколошките, социјалните и економските аспекти за да се постигне одржлив развој, заштита на природните ресурси и културното наследство. Со добро планирање, градовите и населените места можат да станат поотпорни на климатските промени, да ја подобрат мобилноста и да обезбедат висок квалитет на живот за сите жители.

Во *дванаесеттото поглавје* насловено *Дизајн концептите за урбани интервенции*, каде што авторите даваат стратегии и идеи за подобрување и трансформирање на градските простори. Овие интервенции вклучуваат разни активности и проекти насочени кон ревитализација на запуштени области, подобрување на јавните простори и поттикнување на социјалната интеракција и економската активност. Урбаните интервенции можат да бидат мали и привремени, како поп-ап паркови или уметнички инсталации, или поголеми и трајни, како редизајнирање на плоштади, улици или изградба на нова инфраструктура. Целта е да се создадат функционални, естетски и пријатни простори кои одговараат на потребите на заедницата, поттикнувајќи го одржливиот развој и подобрувајќи го квалитетот на урбаниот живот. Со иновативни дизајн концепти, урбаните интервенции помагаат во решавање на современите предизвици на градовите, како што се густината на населението, сообраќајниот метеж и недостатокот на зелени површини.

*Тринаесеттото поглавје,* насловено *Архитектонско зеленило*, се однесува на интеграцијата на растенија и природни елементи во архитектонскиот дизајн со цел да се подобрат естетиката, екологијата и квалитетот на животот во урбаните средини. Овој концепт вклучува зелени покриви, вертикални градини, зелени ѕидови и други иновативни начини за воведување на природата во изградениот простор. Архитектонското зеленило помага во намалување на ефектот на урбаниот топлотен остров, подобрување на квалитетот на воздухот, зголемување на биодиверзитетот и обезбедување на изолација која може да ја намали потрошувачката на енергија. Освен функционалните придобивки, архитектонското зеленило создава пријатни и здрави животни и работни простори, поттикнувајќи го менталното и физичкото здравје на луѓето. Со овој пристап се промовира одржливата архитектура и се гради посилна врска меѓу луѓето и природата во урбаните средини.

Во поглавјата посветени на урбаниот дизајн, просторното планирање и природните компоненти, практикумот разгледува како интеграцијата на зелените површини и природните елементи може да придонесе за создавање на еколошки здрави и одржливи градови. Примери од различни урбани интервенции низ светот, вклучувајќи ги Милано, Њујорк, Копенхаген, Чангша и Лондон, обезбедуваат практични и инспиративни примери за примена на теоретските концепти во реалниот свет.

Конечно, практикумот завршува со поглавје посветено на архитектонското зеленило, кое истражува како интеграцијата на природните елементи во архитектурата може да го подобри квалитетот на животот во урбаните средини.

Во целина, овој практикум нуди драгоцен придонес кон разбирањето на урбаното планирање и дизајн, обезбедувајќи теоретска основа и практични примери за создавање на градови кои се функционални, естетски пријатни и одржливи. Со интегрирање на научените лекции и примери од оваа книга, урбанистите, архитектите и дизајнерите можат да придонесат за подобрување на квалитетот на животот во урбаните средини и за создавање на заедници кои се поотпорни и поврзани со природата.

На крајот од овој ракопис е презентирана целокупната цитирана литература од светски автори.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата го предложува следниов

**З А К Л У Ч О К**

Ракописот „Практикум по обликување на јавен простор" од авторките проф. д-р Васка Сандева и ас. д-р Екатерина Намичева-Тодоровска е целосно адаптиран според наставната материја предвидена во програмата за предметот Обликување на јавен простор, наменета за студентите на прв циклус студии на студиската програма Дизајн на ентериер и мебел, на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало-практикум и условите за издавање, пропишани според Правилникот за единствените основни остварувања на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Рецензентската комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки ракописот „Практикум по обликување на јавен простор" од авторките проф. д-р

Васка Сандева и ас. д-р Екатерина Намичева-Тодоровска да биде издаден како практикум по предметот Обликување на јавен простор за студентите на насоката Дизајн на ентериер и мебел при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т И**

Д-р Мимоза Клековска, редовен професор на Американски универзитет на Европа АУЕ-ФОН, Скопје, с.р.

Д-р Марула Николоска, редовен професор во пензија, Меѓународен универзитет „Визион", с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Билтен 12.7.2024 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ | 1. Влијание на ампелотехничките и биорегулатори врз квалитетот на грозјето кај сортата *мишел палиери* | 1302-111/11 од 10.6.2024 год. | Проф. д-р Виолета Димовска | Ефремчо Николов |
| | 2. Еколошки услови за развој на пепелница (Phyllactinia guttata) кај лешникот (Corylus avellana) во Република Северна Македонија | 1302-120/17 од 8.7.2024 год. | Проф. д-р Емилија Арсов | Тина Петрова |
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 3. Моторна неврорехабилитација кај пациенти со хемиплегија | 2002-139/18 од 26.6.2024 год. | Проф. д-р Данче Василева | Елена Ѓорѓиевска-Димовска |
| | 4. Физикална медицина и кинезитерапија кај пациенти со спондилолистеза | 2002-139/19 од 26.6.2024 год. | Проф. д-р Ленче Николовска | Софче Витанова |
| | 5. Принципи на лекување на лица со хемофилија А | 2002-139/20 од 26.6.2024 год. | Проф. д-р Ивица Смоковски | Алмина Лекпек |
| | 6. Скрининг за прематурна ретинопатија | 2002-139/21 од 26.6.2024 год. | Доц. д-р Беким Татеши | Габриела Михајловски |